# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА
# KARATE FEDERATION OF N MACEDONIA

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk


**ЗАПИСНИК**
од редовното Годишно Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одражано на ден 11.02.2023 година, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје
**(работна верзија)**

Претседателот на КФРСМ Петар Белистојаноски, ги поздрави сите присутни гости и претставници на клубовите членки на Федерацијата. Предложи да се избере Верификациона комисија, со цел да се утврди дали Собранието има кворум за работа и полноправно одлучување, во состав Ахмедин Марукиќ, Лазар Јорданов и Даут Билибани. Покрај предлогот на претседателот на Федерацијата беше предложено покрај предложените во Верификациона комисија да бидат и Бошко Заборски, Гоце Петров и Илбер Реџепи. Собранието, едногласно, избра Верификациона комисија во состав:

1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Лазар Јорданов, член;
3. Даут Билибани, член;
4. Бошко Заборски, член;
5. Гоце Петров, член и
6. Илбер Реџепи.

Верификационата комисија се повлече за да изврши увид во доставените полномошна и да ја утврдии бројноста на присутните членови на Собранието. По извесно време, претседателот на Верификационата комисија Ахмедин Марукиќ ги информираше членовите на Собранието дека од вкупно 74 клубови со право на глас присутни се 63 претставници на клубови и дека Собранието има кворум за работа и може полноправно да работи и одлучува.

Бошко Заборски, пред членовите на Собранието, во врска со полномошното од КК Тигар 2003 од Беловиште, кое од страна на претседателот на клубот, нотарски заверено, е дадено на Благој Атанасов, изнесе дека се прашува по кој основ е тој член на клубот. Исто така истакна дека КК Карпош од Скопје немал активност, и дека полномошното од КК Канку од Куманово, е дадено на лице за кое исто така се прашува по кој основ е член на клубот.

Елвир Куртановиќ истакна дека пред одржување на претходното Вонредно Собрание на КФРСМ, одржано на 15.10.2022 година, инспекциските служби при Агенцијата за млади и спорт констатирале дека неможат да бидат членки на Собранието, бидејќи немале активност следните клубови: КК „Илинден“, КК „Канку“, КК „Карпош“, КК „Нипон“ и КК „Теута“.

Генералниот секретар Зоран Ѓорѓески во врска со изнесените наводи во дискусијата на Бошко Заборски истакна дека претседателот на клубот, согласно статутот е овластен да даде полномошно нотарски заверено и на друго лице член на клубот. За тоа дали некој е член на клубот, кој може да биде по многу основи, не само натпреварувач или тренер, туку и како член на ИО, член во разни комисии и сл., може да побара од самиот клуб. КФРСМ води матична евиденција само за натпреварувачи и тренери. Исто така истакна дека КК Карпош имал активност во 2022 година и платил членарина и има право да учествува во работата на Собранието.

Во врска со дискусијата на Елвир Куртановиќ генералниот секретар Зоран Ѓорѓески истакна дека не се точни неговите наводи за констатацијата на инспекциските служби. Во Записникот на Инспекциските служби при Агенцијата за млади и спорт е констатирано дека овие клубови имаат уплатено годишна членарина, дека имаат Решение за вршење дејност спорт и дека имаат учествувано на меѓународниот турнир Струга опен, одржан на

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

02.10.2022 година. Нивната забелешка е дека овој турнир е одржан после поднесувањето на иницијативата за одржување на вонредно Собрание на Карате федерацијата на Република Северна Македонија и дека според нивната досегашна пракса обично од денот на поднесување на иницијативата до денот на одржувањето на Вонредното собрание не би требало да има промена на структурата на гласачкото тело на Федерацијата. Во Записникот исто така е констатирано дека горе споменатите клубови се иземени од гласањето на Вонредното собрание на Федерацијата и дека Карате федерацијата на Република Северна Македонија работи согласно Законот за спорт.

По истото укажување од страна на Инспекцијата на Вонредното собрание беше истакнато дека и Карате клуб Центар од Скопје исто така има учествувано на турнир после поднесувањето на иницијативата за одржување на Вонредно собрание, но вие со надвикување и гласање овозможивте овој клуб да учествува во работата на Собранието.

Горе наведните пет клуба ги исполниле своите обврски предвидени во член 19 од Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија и истите се членови на Собранието, а биле иземени да учествуваат во работата само на Вонредното собрание од горе наведените причини.

Генералниот секретар Зоран Ѓорѓески ги извести присутните членови на Собранието дека уредно се пристигнати предлог барања за дополнителни точки во дневниот ред од страна на Мирче Јанушевски и Елвир Куртановиќ, Јован Лазарев и Алим Хајредини и дека истите од страна на претседателот на Федерацијата ќе бидат предложени да се разгледаат од страна на Собранието како нови точки 13, 14 и 15. Исто така потсети дека согласно член 12 став 2 од Деловникот за работа на Собранието на КФРСМ членот на Собранието е должен да присуствува на секоја седница на Собранието и може да отсуствува од седницата, само од оправдани причини, за што се известува Претседателот на Федерацијата или стручниот соработник во канцеларијата на Федерацијата, најмалку еден ден пред одржувањето на седницата, за што е должен да достави писмено известување, во електронска форма, во спротивно согласно член 42 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Собранието на КФРСМ претседателот им изрекува соодветна казнена мерка јавна опомена.

Претседателот на КФРСМ информише дека претседателот на КК Ринија Матејче доставил маил со кој известил дека од оправдани причини не може да присуствува на Собранието и побара од стручниот соработник на КФРСМ Игор Миноски да ги прочита клбовите кои не се присутни и немаат доставено известување за неприсуството.

Игор Миноски пред членовите на Собранието соопшти дека своето отсуство на Собранието не го најавиле и оправдале следните клубови: КК Арена-Струга, КК Астибо-Штип, КК Будо-Струга, КК Бучим Феникс-Радовиш, КК Ерол 2007-Лабуништа, КК Мак Вадо Центар-Скопје, КК Теута Куманово, КК Ускана Кичево, КК Центар Скопје. Исто така соопшти дека претставник од КК Будо од Велес е присутен на Собранието со невалидно полномошно, не му е издаден гласачки картон и неможе да учествува во работата на Собранието.

Согласно член 42 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Собранието на КФРСМ, претседателот Петар Белистојаноски им изрече јавна опомена на наведените клубови од претходниот став кои не го најавиле и оправдале своето отсуство.

Јован Лазарев се произнесе дека го повлекува својот предлог, за што достави и официјално писмено известување и не бара да се дополни дневниот ред со неговото барање.

Претседателот на Федерацијата предложи дневниот ред, кој беше доставен до членовите на Собранието, да се дополни со барањето доставено од Мирече Јанушевски и Елвир Куртановиќ, како точка 13, со барањето од Алим Хајредини, како точка 14, а точката 13 да се пренумерира како точка 15.

**КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА**
**KARATE FEDERATION OF N MACEDONIA**
Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

Членовите на Собранието, го прифатија предлогот од претседателот на Федерацијата и едногласно го усвоија следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на работни тела на Собранието:
   - Верификациона комисија;
   - Записничар и
   - Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Вонредното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 12.03.2022 година;
3. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Вонредното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 15.10.2022 година;
4. Предлог Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија;
5. Предлог за измени и дополнување на Правилникот за работа Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија;
6. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
7. Разгледување и усвојување на Извештајот на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
8. Избор на член и претседател на Одборот за контрола и членови на Извршниот одбор на Карате федерацијата на РС Македонија;
9. Финансов Извештај на Карате федерацијата на РС Македонија со Завршна сметка, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
10. Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
11. Предлог одлука за престанување на членство на клубови во Карате федерацијата на РС Македонија со бришење од евиденција;
12. Прием на нови членки - клубови во Карате федерација на РС Македонија;
13. Барање од Мирче Јанушевски и Елвир Куртановиќ за Разгледување решението од Дисциплинската комисија и одлуката на ИО на КФРСМ за казнување на тренерите Мирче Јанушевски и Елвир Куртановиќ и барање за нивно укинување;
14. Барање од Алим Хајредини за употреба на јазиците односно албанскиот јазик од страна на КФРСМ;
15. Разно, предлози, прашања.

**Точка 1.**

Претседателот на Федерацијата предложи за записничар да се избере Игор Миноски, стручен соработник во Федерацијата, а за оверувачи на записникот Благој Атанасов и Кристијан Младеновски.

Собранието ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. За записничар се избира Игор Миноски
2. За оверувачи на записникот се избираат:
   - Благој Атанасов и
   - Кристијан Младеновски.

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

**Точка 2**

Во врска со втората точка од дневниот ред разгледување и усвојување на Записникот од Собранието на КФРСМ одржано на ден 12.03.2023 година, делегатот Елвир Куртановиќ побара да се изврши корекција на записникот и да се избрише заклучокот од записникот во членот 4, во спротивно бара да се констатира дека е против тој дел од записникот. Делегатот Бошко Заборски побара делегатите поединечно да се изјаснат за предлогот да се избрише заклучокот од записникот во членот 4. Јован Лазарев истакна дека ако се прифати предлогот за бришење на заклучокот од член 4 записникот ќе го прифатат едногласно.

По поединечно изјаснување на делегатите на Собранието за Записникот во содржина како што е предлжен (со заклучоците од член 4) се констатира дека Записникот е усвоен бидејќи за усвојување гласле 35 делегати а против 25 делегати.

Против Записникот во содржина како што е предлжен (со заклучоците од член 4) гласаа претставници од клубовите: КК „Автокоманда“-Скопје, КК „Штип“-Штип, КК „Македонка“-Штип, КК „Цветан Димов“-Скопје, КК „Кеикс“-Скопје, КК „Шкумбини“-Тетово, КК „Металург“-Скопје, КК „Јошитака“-Скопје, КК „Супериор“-Тетово, КК „Куштрими“-Скопје, КК „Шкупи“-Скопје, КК „Рис“-Скопје, КК „Шарпланинец Јелак“-Тетово, КК „Скопје“-Скопје, КК „Пејов“-Скопје, КК „Партизан“-Кочани, КК „Сансаи Метал Апостолов“-Кавадарци, КК „Професилонал“-Скопје, КК „Макпетрол“-Скопје, КК „Полог“-Гостивар, КК „Ботони“-Скопје, КК „Елди-Кан“-Скопје, КК „Ронин Доџо“-Куманово, КК „Уранику“-Дебар и КК „Аеродром“-Скопје.

Собранието ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Се усвојува Записникот од Вонредната седница на Собранието на КФРСМ одржано на ден 12.03.2023 година.

**Точка 3**

По третата точка од дневниот ред за разгледување и усвојување на записникот од Собранието на КФРСМ одржано на ден 15.10.2022 година, од страна на делегатот Гоце Андриевски беше изкажана забелешка околу доделеното право на клубот „Зан-Шин“ да учествува со делегат на тоа Собрание со право на глас и поради што тој укажа дека како еден од оверувачите, нема да го потпише тој записник. По исцрпување на сите дискусии, записникот беше прифатен со 37 гласа ЗА и 22 гласа ПРОТИВ, со што беше донесена следната

**ОДЛУКА**

Се усвојува Записникот од Вонредното Собрание на КФРСМ одржано на ден 15.10.2022 година.

**Точка 4**

Во врска со четвртата точка од дневниот ред Генералниот секретар г-дин Зоран Ѓорѓески, истакна дека не се доставени писмени предлози по доставениот Предлог-Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија. Тој истакна дека Предлогот на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на КФРСМ се предлага со цел да се изврши усогласување на Статутот со Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт.

Во членот 10 во Статутот на КФРСМ се врши допрецизирање и конкретизирање на остварување на начелата на јавност и транспарентност и начинот на нивното остварување и примена.

**КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА**
**KARATE FEDERATION OF N MACEDONIA**
Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

Во членот 21 став 4 се уредува дека на лице на кое му е изречена дисциплинска казна исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија или заради изречена дисциплинска казна е под суспензија (се додека трае суспензијата) не може да биде бирано на било која функција во Карате федерацијата на РС Македонија.

Во членот 26 се уредува прашањето за составот на Собранието, претставувањето на членките на Собранието, мандатот на членовите на Собранието, условите под кои може да се учествува во работата на Собранието, мандатот на претседателот на Федерацијата, условите за неговиот повторен избор и прашањето за одговорноста на членовите на Собранието.

Во членот 28 став 2 алинеја 2 се уредува потребното мнозинство за свикување Вонредно Собрание. Во истито член став 6 се уредува прашањето за поднесување на трошоците за свикување на Вонредното Собрание, а во став 7 од истиот член се уредува прашањето за периодот за кој може да се постават истите прашања кои биле разгледани на Вонредно Собрание.

По даденото образложување на измените на Статутот, за збор се јави Јован Лазарев, кој беше подржан од неколку дискутанти, кој како главна забелешка ја истакна да остане постојната одредба од Статутот, според која претседателот на клубот може да ополномошти само друго лице кое е член на клубот. Како причина за ваквото барање беше наведено дека во минатотот имало состојби на расправии и поделби со Чедомир Саздовски кога претседателот на клубот ополномоштувал лица кои не биле членови на клубот.

На ваквиот предлог Генералниот секретар образложи дека правото на претседателот на клубот кого ќе ополномошти да го застапува на Собранието, доколку тој е спречен да присуствува, е негово статутарно право уредено во Статутот на клубот и дека тој одговара пред органите и телата на клубот. Недозволиво е со Статутот на КФРСМ да се уредува ова прашање и да се ограничуваат неговите статутарни права.

Клубот доброволно се здружува во Федерацијата за остварување на своите права, а членството во клубот е уредено со неговиот Статут и општи акти. Автономно право на клубот е да го уреди прашањето на свотот членство. Членови во клубот покрај спортисти, тренери, други стручни лица, се членови во органите и телата, на разни комисии, членови нивни поддржувачи и сл.

По исцрпување на сите дискусии, Статутарната одлука беше беше ставена на гласање и прифатена со **37 гласа ЗА** и **25 гласа ПРОТИВ**.

Поединечно против се изјаснија делегатите претставници на клубовите: КК „Автокоманда“-Скопје, КК „Штип“-Штип, КК „Македонка“-Штип, КК „Цветан Димов“-Скопје, КК „Кеикс“-Скопје, КК „Шкумбини“-Тетово, КК „Металург“-Скопје, КК „Јошитака“-Скопје, КК „Супериор“-Тетово, КК „Куштрими“-Скопје, КК „Шкупи“-Скопје, КК „Рис“-Скопје, КК „Шарпланинец“-Скопје, КК „Скопје“-Скопје, КК „Пејов“-Скопје, КК „Партизан“-Кочани, КК „Сансаи Метал Апостолов“-Кавадарци, КК „Професилонал“-Скопје, КК „Макпетрол“-Скопје, КК „Полог“-Гостивар, КК „Ботони“-Скопје, КК „Елди-Кан“-Скопје, КК „Ронин Доџо“-Куманово, КК „Уранику“-Дебар и КК „Аеродром“-Скопје.

**КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА**
**KARATE FEDERATION OF N MACEDONIA**
Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

Согласно резултатите од гласањето Собранието ја донесе следната:

СЕ УСВОЈУВА следната

**ОДЛУКА**

за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија

Член 1

Се врши усогласување на одредбите од Статутот на Карате федерацијата на РС Макдонија со Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ број 52/2010 , 135/2011 и 55/2016) и Законот за спортот (Сл. Весник на РМ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016, 190/2016, 98/2019 и 244/2019) а кое се состои во следното:

Во член 10 постојниот текст се брише и се заменува со следниот текст:

Член 10

Работата на Федерацијата се заснива на начелата на јавност и транспарентност.

Јавноста и транспарентноста во работата на Федерацијата се остварува особено преку:

- Поднесување, до членовите на Собранието на Федерацијата, на годишен извештај за работата на Извршниот одбор и останатите тела и органи, во кој се содржани сите настани и активности реализирани од страна на Федерацијата, со Финасиски извештај за годината на која се однесува извештајот, негово доставување во електронска и печатена форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Информирање на членките на Федерацијата за сите општи акти (статут, правилници, и други општи акти) и поединечни акти (одлуки, решенија, заклучоци и сл.) донесени од страна на Собранието, Извршниот одбор, како и на останатите тела на Федерацијата, со кои се утврдуваат права и обврски на спортистите, тренерите, судиите и клубовите членки на Федерацијата, нивно доставување во електронска форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Информирање на членките на Федерацијата за констатациите и извештаите од Одборот за контрола, за работата на органите и телата на Федерацијата, нивно доставување во електронска форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Присуство на претставник на карате клубот и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од карате спортот, членки на Федерацијата, на седниците на Извршниот одбор и телата на Федерацијата, кога се разгледуваат иницијативи, предлози и материјали доставени во пишана форма од нивна страна, а се однесуваат на прашања од работата и надлежноста на Федерацијата;
- Доставување на членките на Федерацијата, во електронска форма, на извештаи и програми за работа, календар за организација на натпревари за тековната година, финасиски програми, извори на приходи, нивно стекнување и трошење, материјално- финансиско работење и друго и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Овозможување на увид на службени лица во: извештаите и програмите за работа, финасиските програми, изворите на приходи, нивното стекнување и наменско трошење, материјално-финансиското работење и други прашања од работата на Федерацијата;
- Информирање преку интерни гласила, билтени, стручни списанија, дневен печат, радио, телевизија, ВЕБ страницата на КФРСМ и на друг начин за работата на Федерацијата.

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

Член 2

Во член 21 по ставот 3 се додава став 4 со следниот текст:

Лице на кое му е изречена дисциплинска казна исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија или заради изречена дисциплинска казна е под суспензија (се додека трае суспензијата) не може да биде бирано на било која функција во Карате федерацијата на РС Македонија.

Член 3

Во членот 26 постојниот текст се брише и се заменува со следниот текст:

Член 26

Собранието е највисок орган на Федерацијата.

Собранието го сочинуваат:

- претседателите на карате клубовите членки на Федерацијата и
- претседателите на организационите облици на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти во карате спортот, членки на Федерацијата.

Претседателите од став 2 алинеја 1 и 2 од овој член, во случај на спреченост, можат да ополномоштат, со нотарски заверено полномошно и друго лице, кое ќе го претставува претседателот на седницата на Собранието.

Мандот на членовите на Собранието трае колку што изнесува мандатот на претседателите од став 2 алинеја 1 и 2 од овој член.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 1 од овој член не можат да учествуваат во работата на Собранието и да гласаат ако не платиле членарина повеќе од една година или ако не учествувале во активностите на Федерацијата повеќе од две години.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 2 од овој член не можат да учествуваат во работата на Собранието и да гласаат ако не платиле членарина повеќе од една година.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 1 и 2 и ополномоштените лица од нив не можат да учествуваат во работата на Собранието доколку им е изречена дисциплинска казна исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија, или заради изречена дисциплинска казна се наоѓаат под суспензија, се додека им трае суспензијата.

Собранието избира претседател.

Мандатот на претседателот на Федерацијата трае четири години.

Исто лице може да биде избрано за претседател на Федерацијата, најмногу два четиригодишни мандати последователно и истото лице може повторно да биде избрано по истекот на временскиот период од најмалку еден полн мандат.

Членовите на Собранието на Федерацијата за својата работа одговараат пред членовите на Собранието на карате клубовите и членовите на Собранието на организационите облици од став 2 алинеја 2 од овој член, членки на Федерацијата.

Член 4

Во членот 28 текстот во став 2 алинеја 2 се менува и гласи:

- најмалку една третина од вкупниот број на карате клубовите и организационите облици на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти во карате спортот, членки на Федерацијата.

Во членот 28 текстот во став 6 се менува и гласи:

Трошоците за свикување на Собранието ги сносат свикувачите на Собранието, во случајот од став 5 од овој член.

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

Во член 28 по ставот 6 се додава нов став 7 со следниот текст:

Прашањата кои се разгледувале и за кои Собранието донело одлука по истите на Вонредно собрание на Федерацијата, може повторно да се постават на дневен ред и да се расправа по истекот од најмалку една година од одржувањето на Вонредното собрание и донесувањето соодветна одлука.

Член 5

Оваа Статутарна одлука влегува во сила во рок од 8 дена од денот на усвојувањето на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија.

Член 6

Да се изготви пречистен текст на Статутот на Карате федерацијата на Македонија и да се достави до Централниот регистар на Република Северма Македонија за пререгистрација.

**Точка 5**

По петтата точка од дневниот ред односно по предлогот за измени и дополнување на Правилникот за работа Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија, претседателот на Дисциплинската комисија Бојана Милосављевиќ ги образложи измените и дополнувањата и кажа дека ќе придонесат за подобрување на ефикасноста на работата на Собранието.

Во својата дискусија делегатот Мирче Јанушевски истакна дека и во досегашниот Правилник за работа на Дисциплинската комисија на КФРСМ има премногу одредби со кои се доделуваат казни и дека нема потреба на нови вакви дополнувања.

Делегатот Димче Јанкоски истакна дека во Правилникот треба временски да се определи должината на санкцијата и по одреден период таа казна да престане да важи.

По исцрпните дискусии по оваа точка, претседателот Белистојаноски предлогот на доставениот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија го постави на гласање.

По пребројување на гласовите се констатира дека **37 членови на Собранието гласа ЗА** и **25 гласа ПРОТИВ**.

Согласно резултатите од гласањето Собранието ја донесе следната

ОДЛУКА
за усвојување на

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за работа**
**на Дисциплинската комисија на КФРСМ**

Член 1

Се врши изменување и дополнување на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија донесен на 20.01.2018 година (пречистен текст) кое се состои во следното:

Текстот од член 8 став 1 алинеја 1,2 и 3 се брише и се заманува со следниот текст:

Во дициплинска постапка можат да се изречат следните казни:

1.забрана за вршење дејност;
2.парична казна;
3.опомена и
4. исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија.

Во член 8 по ставот 7 се додава нов став 8 со следниот текст:

Исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија може да се изрече само за најтешки престапи и ако настанале особено тешки последици па така останувањето на сторителот во Карате федерацијата на РС Македонија штети на угледот на Карате федерацијата на РС Македонија и карате спортот.

Член 2

Во член 13 став 1 по алинејата 6 се додава нова алинеја 7 со следниот текст:

7. Како член на Собранието или член на Извршниот одбор на Федерацијата со своето однесување и постапување врши повреда на пропишаниот ред и нарушување на текот на одржување на седницата и не се придржува до одредбите од Деловникот за работа на Собранието, односно до одредбите од Деловникот за работа на Извршниот одбор на Федерацијата, за што од страна на претседателот на Федерацијата му е изречена мерка отстранување од седницата.

Член 3

Овој Правилник за изменување и дополнување претставува составен дел на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија од 20.01.2018 година (пречистен текст).

Член 4

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија од 20.01.2018 година (пречистен текст) влегува во сила 8 дена по донесување на истиот од страна на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија.

**Точка 6**

Во врска Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година, најпрво свој осврт за успесите за истиот период даде Претседателот Белистојаноски, кој истакна дека изминатата 2022 година, Карате федерацијата на РС Македонија и покрај паузата предизвиката од пандемијата со КОВИД 19 продолжи со успешно темпо и покрај намалените средства кои ги доби од Агенцијата за млади и спорт.

Со максимална ангажираност и безрезервна посветеност успешно се одржаа сите државни првенства, купови и клубски турнири кои беа предвидени во Годишната програма за работа и успешно беа одредени репрезентациите кои не преставуваа на меѓународните првенства.

Сениорската репрезентација целосно финансирана од КФРСМ, по реализираните подготовки во Велес и Софија, учествуваше на Европското првенство во Газиантеп, Турција. За респект е постигнатиот успех на Петар Спасеноски од КК „Макпетрол“-Скопје, кој освои брознен медал и се стекна со стипендија од светска категорија, а Вероника Костовска од КК „Олимпик спорт 2007“-Скопје, која за жал несреќно загуби во борба за бронзен медал, го освои петтото место и се стекна со стипендија од меѓународен ранг.

На Балканското првенство за деца, сениори и ветерани Федерацијта постигна одлични резултати.

Репрезентацијата на кадетите, јуниорите и У21, по реализираните подготовки во Велес и Дојран, учествуваше на Европско првенство во Прага, Чешка и го продолжи континуитетот на освојување медали.

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk


Љупче Михајлов од КК „Штип“-Штип во категоријата јуниори го освои бронзениот медал, а беа освоени и две петти места на Стефан Стојановиќ од КК „Макпетрол“-Скопје и ката тимот на КК „Фунакоши Гичин“-Скопје. На ова првенство кандидатите од КФРСМ Маја Војдиновска, Клементина Војдиновски и Ангела Ангелковска се стекнаа со титула европски судии, што покажува дека и покрај сите проблеми, Федерацијата успешно функционира покрај во натпреварувачката и во тренерската и судиската организација.

Нашиот најуспешен натпреварувач на сите времиња Емил Павлов од КК „Штип“ –Штип, кој беше целосно финансиран од Федерацијата, покрај реализираните подготовки во Дојран беше и на 10-ти дневен камп во Швајцарија и учествуваше на Светските игри во Бирминген, САД.

Репрезентацијата за кадети, јуниори и помлади сениори У21 која во комплетен состав, не претставуваше на најголемиот планетарен собир Светското првенство во Коња, Турција, за прв пат подготовките во Дојран, опрема, котизација, пат, сместување и исхрана целосно е покриено од Федерација. На ова првенство постигнат е најголемиот резултат во историјата на КФРСМ. Освоени се две вицешампионски титули во категоријата помлади сениори У21 од страна на Стефан Стојановиќ и Витомир Трајковски од КК „Макпетрол“-Скопје.

На ова првенство со светско звање се стекна и судијата Раде Стефановски.

Федерацијата имаше успешен настап и на Балканското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21 што се одржа во Бар Црна Гора.

Се работеше напорно, имаше многу непреспани ноќи, се учеше од некои грешки, се поправија некои работи, иако имавме еден куп опструкции, сепак целата структура на КФРСМ од клубови, тренери, селектори, директор на репрезентација, ИО, НО, судиска комисија, натпреварувачка, лекареска, дисциплинска, комисија за комесари, а најмногу натпреварувачите и репрезентативците беа на висина на задачата и успешно и достоинствено ја презентираја КФРСМ на домашен и меѓународен план.

Главните цели во иднина остануваат исти, остварување на врвни резултати и презентација на Федерацијата на највисоко ниво пред се, на европските и светските првенства.

Во дискусијата по оваа точка во која учествуваа Бесник Мурати, Александар Кузмановски, Бошко Заборски, Јован Лазарев, Димче Јанковски, Зоран Пејов, Александар Кузмановски, Боби Војдиновски, Берат Јакупи, Живко Дракулевски и Стојан Андриевски беше истакнато дека КФРСМ се своите настапи на меѓународен план е препознатлива и ценета федерација од врвните луѓе во ВКФ и ЕКФ, дека на меѓународен план покрај постигнатите резултати на спортистите и успешноста во стекнување на судиски и тренерки лиценци, се води и успешна спортска дипломатија, со која се зголемува бројот на пријателски земји и релации во меѓучовечките односи. Беше истакнато дека недоразбирањата и расправиите треба да се надминат и дека спортот треба да обединува а не да разделува. Исто така беше предложено Извештајот да се збогати со додавање на повеќе фотографии од значајни настани, со што би се доловила реалната состојба која се одвива на натпреварите. Беше потенцирано дека треба да се потикне и подржува здобивањето со судиски звања на национално и меѓународно ниво, како и потребата од поголем број на едукации за сите структури кои учествуваат во системот на натпревари.

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

По дискусијата Собранието ја донесе следната

ОДЛУКА

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

Извештајот да се објави на ВЕБ страната на Федерацијата.

**Точка 7**

По разгледување на извештајот на Одборот за контрола, едногласно, се донесе следната

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Одбор за контрола на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

Извештајот на Одборот за контрола преставува составен дел на извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија.

**Точка 8**

По однос на изборот на член и претседател на Одборот за контрола и членови на Извршниот одбор на Карате федерацијата на РС Македонија, претседателот Белистојаноски ги извести присутните дека досегашниот претседател на Одборот за контрола Арбен Алији поради премногу работни обврски си дал оставка на оваа функција по што истата беше прифатена со **39 гласа ЗА**.

На негово место претседателот го предложи господинот Идриз Билибани, за кого на кратко го претстави неговото работно искуство посебно во ИТ секторот како и сите други негови позитивни страни и квалификации.

Потоа истиот предлог беше прифатен со **39 гласа ЗА**.

Исто така претседателот ги извести делегатите дека и членот на Одборот за контрола Миланчо Черкезов од здравствени причини неможе повеќе да ја извршува оваа функција и на негово место беше предложен Александар Филиповски.

Предлогот беше прифатен со **37 гласа ЗА.**

Собранието согласно изјаснувањето на членовите на Собранието ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. СЕ РАЗРЕШУВААТ членовите на Одборот на контрола на КФРСМ:
   - Арбен Алији, од позицијата претседател и
   - Миланчо Черкезов, од позицијата член.
2. Се именуваат нови членови на Одборот на контрола на КФРСМ:
   - Идриз Билибани - претседател;
   - Александар Филиповски – член.

По истата точка претседателот ги извести присутните дека и членовите на Извршниот одбор на Карате федерацијата на РС Македонија, Шенаси Мемиши и Сашко Трајков поради работни обврски поднесоа оставки на нивните позиции по што истите беа прифатени со **40 гласа ЗА**.

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

Претседателот Белистојаноски предложи оставка и на членот на ИО и потпретседател на КФРСМ Алим Хајредини. По овој предлог зеде збор и господинот Хајредини кој истакна дека ова е заложба на претседателот Белистојаноски за него непознати причини, за што говори и претходно упатено писмо до неговата мејл адреса, во кое тој инсистирал самиот тој да си даде оставка.

По оваа дискусија и овој предлог беше прифатн со **34 гласа ЗА**.

На нивно место од страна на претседателот беа предложени: Валентина Пурдеска-економист, Шкодране Дардхишта-економист и Боби Војдиновски-меѓународен судија и долгогодишен спортски работник.

Предлогот за новите членови на ИО на КФРСМ беше прифатен со **36 гласа ЗА** по што се донесе следната

**ОДЛУКА**

1. СЕ РАЗРЕШУВААТ членовите на ИО на Карате федерацијата на РС Македонија:
   - Шенаси Мемиши;
   - Сашко Трајков;
   - Алим Хајредини.
2. Се именуваат нови членови на ИО на КФРСМ:
   - Валентина Пурдеска;
   - Шкодране Дардхишта;
   - Боби Војдиновски.

**Точка 9**

Во врска со деветата точка од дневниот ред за усвојување на Финансов извештај на Карате федерацијата на РС Македонија за 2022 година и Завршната сметка, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година, извештај поднесе претставникот на Стручната служба при сервисното сметководство при Сојузот на спортски федерации Бојана Атанасовска, која истакна дека целото финансово работење е согласно со законот и доставената документација, со сите дадени податоци во Извештајот и Завршната сметка за 2022 година. Исто така, укажа дека Агенцијата за млади и спорт во текот на годината повеќе пати, изврши контрола на трошењето на средствата што Агенцијата ги одобрува и се констатира дека истите се потрошени наменски согласно потпишаните договори.

Бидејќи немаше забелешки по однос на Финансискиот извештај за 2022 година, истиот се стави на гласање и Собранието едногласно ја донесе следната

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА Фанансикиот извештајот и Завршната сметка за работа на Карате федерацијата на РС Македонија за 2022 година.

**Точка 10**

Претседателот даде образложение за Програмата за работа на Карате федерацијата на Македонија и Финансискиот план за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година, членовите на Извршниот одбор им предлагаат на членовите на Собранието на КФРСМ истиот да го прифатат.

По однос на оваа точка Собранието едногласно ја донесе следната

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансискиот план за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

**Точка 11**

По однос на единаесеттата точка од дневниот ред Извршниот одбор на КФРСМ по претходна проверка во својата евиденција до Собранието достави листа на клубови кои поради неплаќање на членарината повеќе од една година како и неучествување во активностите на Федерацијата повеќе од две години, предложи истите да бидат избришани. Бидејќи по предлогот немаше пријавено делегати за дискусија, Собранието со 36 гласа ЗА ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. СЕ УСВОЈУВА предлогот од ИО на КФРСМ за престанување на членството во Федерацијата со бришење од евиденција на следните Карате клубови:

АБЦ-Струмица, Академија Македонија-Скопје, Акебоно-Скопје, Бале-Скопје, Балкан-Скопје, Бонсаи-Скопје, Вадо Каи Дитас-Скопје, Витез-Скопје, Водно-Скопје, Гезими с. Отља-Љипково, Гемиџии-Велес, Гив Скопје-Скопје, ДО Академија-Скопје, Драгон-Ресен, Езимит Вино-Штип, Ипон-Кочани, Ичибан-Скопје, Кавадарци-Кавадарци, Каратедо-Скопје, Кендо-Велешта, Кичево-Кичево, Кјокушикаи Хонбу Македонија-Скопје, Кларион-Скопје, ЈКА Самурај-Скопје, Крива Паланка-Крива Паланка, Лујза-Скопје, Маваши-Тетово, Македонија-Велес, Малеш-Берово, Мерис-Скопје, Мирче Ацев-Скопје, Неметали-Струмица, Нике-Скопје, Нико Робин-Гостивар, Огражден-Струмица, Општински сојуз Прилеп-Прилеп, Пелистер-Битола, Прилеп Баше-Прилеп, Пролет-Скопје, Санбон-Скопје, СЕЕ Универзити-Тетово, Сенсеи-те-Кичево, Скардуси-Тетово, Струмица-Струмица, Студент-Скопје, Фудо-Струмица, Фудошин-Охрид, Црна река с. Бучин-Крушево, Шираи-Скопје, Шихан-Струмица, Шкорпион-Велес, Карате Лукас-Прилеп, Ринија-Кичево, Ронин-Прилеп, Будокаи-Ростуше, Бушидо-Велес, Гостивар Сенсеи Гостивар, Дора-Скопје, Камиказе-Тетово, УНСУ-Куманово.

2. Бришењето од евиденција на овие клубови се темели на примена на одредбите од член 19 став 1 алинеја 4 (неплаќање на членарината повеќе од една година) и 5 (неучествување во активностите на Федерацијата повеќе од две години) од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија.

**Точка 12**

По однос на прием на нови членови во Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор му предложи на Собранието да ги прифати кандидатите за членови во КФРСМ следниве клубови и спортски здруженија:

- КК Дојран од Дојран;
- КК Дибра од Дебар;
- КК Пирок од с. Пирок, Тетово;
- КК Пулексенија од Скопје;
- КК Кхалид, с. Џепиште, Тетово;
- КК Окинава, Скопје;
- Спортско здружение Карате Ветерани;
- Спортско здружение Судии во карате спортот;
- Спортско здружение Тренери во карате спортот и
- Спортско здружение Спортисти во карате спортот.

По однос на оваа точка Собранието, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. СЕ УСВОЈУВААТ предлогозите од ИО на КФРСМ за прием на нови клубови и спортски здруженија за членови на Карате федерацијата на РС Македонија.
2. За полноправни членови во Карате федерацијата на РС Македонија се примаат следните здруженија:
   - КК Дојран од Дојран;
   - КК Дибра од Дебар;
   - КК Пирок од с. Пирок, Тетово;
   - КК Пулексенија од Скопје;
   - КК Кхалид, с. Џепиште, Тетово;
   - КК Окинава, Скопје;
   - Спортско здружение Карате Ветерани;
   - Спортско здружение Судии во карате спортот;
   - Спортско здружение Тренери во карате спортот и
   - Спортско здружение Спортисти во карате спортот.
3. Право на настап на натпревари наведените здруженија ќе стекнат откако во канцеларијата на КФРСМ ќе достават Решение за вршење дејност спорт во областа на каратето.

**Точка 13**

Во врска со Барањето од Мирче Јанушевски и Елвир Куртановиќ за разгледување Решението од Дисциплинската комисија и одлуката на ИО на КФРСМ за казнување на тренерите Мирче Јанушевски и Елвир Куртановиќ и барање за нивно укинување претстедателот на Дисциплинската комисија Бојана Милосављевиќ ги информираше членовите на Собранието дека барањето е неосновано од причини што Собранието согласно Статутот и Правилникот за работа на Дисциплинската комисија не е надлежно да расправа за вакво барање. Одлуката на Дисциплинската комисија е правосилна, а против оваа одлука на Дисциплинската комисија поднесителите повеле судски спор кој правосилно е завршен со пресуда на Апелациониот суд во Скопје со кое беше одбиено барањето на поднистелите кои поведоа судски спор.

По однос на оваа точка Собранието, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

СЕ ПРИФАЌА предлогот од Извршниот одбор на КФРСМ и образложението на претседателот на Дисциплинската комисија да не расправаат и одлучуваат во врска со доставеното барање за укинување на Одлуката на Дисциплинската комисија од причини што тоа не е во надлежност на Собранието.

**Точка 14**

Генералниот секретар Зоран Ѓорѓески ги информираше членовите на Собранието дека Алим Хајредини достави барање во кое бара на седницата на Собранието да се стави точка на дневен ред за употреба на јазиците односно албанскиот јазик од страна на КФРСМ.

# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА
# KARATE FEDERATION OF N MACEDONIA

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk


Информираше дека членовите на Извршниот одбор го разгледале барањето и го прифатиле образложението доставено во писмена форма дека:

1. Во член 1 став 3 од Законот за употреба на јазиците е наведено дека примената на одредбите од овој Закон е и од страна на „**правни лица кои вршат јавни овластувања согласно закон**“.
2. Својство на правно лице кое врши јавно овластување е уредено и се стекнува на начин пропишан во глава XI од член 73 до член 89, вклучително и член 89 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ број 52/2010, 135/2011 и 55/2016).
3. Согласно одредбите од наведените закони Карате федерацијата на РС Македонија не е и не спаѓа во „**правни лица кои вршат јавни овластувања согласно закон**“, од причини што такво својство не стекнала во постапка и процедура утврдена согласно одредбите од Законот за здруженија и фондации, со кои е регулирана оваа материја.

Тој истакна дека толкување на законите и нивната примена е во надлежност на соодветните институции и дека Собранието на КФРСМ не треба да се става во улога на толкување на закони. Алим Хајредини се согласи, генералниот секретар да превземе обврска за ова прашање да се превземат активности, за соодветно толкување за примена на соодветните закони.

**Точка 15**

Разно, предлози, прашања.

По оваа точка од дневниот ред немаше предлози и прашања.

Собранието констатира дека се изцрпени сите точки од дневниот ред и заврши со својата работа.

ЗАПИСНИЧАР,
Игор Миноски

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Петар Белистојаноски

________________________________

ОВЕРУВАЧИ НА ЗАПИСНИК:

1. Благој Атанасов
2. Кристијан Младеновски